„ Развојна помош и демократија “ беше главниот настан во регионот и по петти пат ја третираше темата развојна помош, а се одржа на 27 октомври 2016 г. во Братислава, Словачка. Конференцијата ги опфати и приоритетите на словачкото претседателство со Советот на ЕУ . Говорниците зборуваа за потребата од заедничко дејствување за остварување на Одржливите развојни цели , за причините и справувањето со миграциите и домувањето и за потребата од иновации за поефективна развојната помош.

Конференцијата ги собра граѓанските организации, носителите на одлуки, академијата и индивидуите кои се подготвени да вложуваат во создавање иновативни идеи и ефективно вмрежување за развој. Говорниците , инсистираа на конректен придонес кон Одржливите развојни цели, зголемување на средствата за развојна помош. Секако, клучниот фокус е на изнаоѓање решенија за ефектитвно користење на средствата за

развојна помош, што е паралелен процес со подигнување на транспарентноста на граѓанските организации и на бизнисите.

Др. Ала Мурабит, основачка на Гласот на либиските жени и најмладата претставничка на Глобалните развојни цели на ОН беше клучната говорничка на Конференцијата. Гласот на либиските жени води кампања за улогата на жената во религијата и инсистира на измени во начинот на кој се гледа на жените во верата. Ваквиот пристап е реплициран во повеќе од 24 земји. Според неа, со зајакнување на локалните лидери, особено жените, се обезбедува промена на заедниците од внатре. Во нејзиното обраќање на конференцијата таа истакна дека државните органи трансформираат одредени состојби во прашања поврзани со безбедноста и за нив употребуваат вонредни средства. Тоа води кон поместување на фокусот од луѓето на кои се однесуваат конфликтите.

На Конференцијата се разгледуваат и иновациите во развојната помош, потребата од инклузувни, безбедни и одржливи градови и зголемувањето на капацитетите на организациите од Западен Балкан за развојна помош. Во следните години Србија, Црна Гора, Македонија и Албанија ќе треба да развијат механизми и да ги дефинираат своите политики за развојна и хуманитарна помош, како и да ги спроведат барањата согласно надворешните односи и одговорност за глобална развојна помош на ЕУ. Засега, во овие земји, на ниско ниво се и политичката волја и интерес за овие прашања и разбирањето и капацитетите на граѓанскиото општество кое треба да ги води овие процеси.